ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 09-22/6**

**Дата: 25.02.2010**

**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА - СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈНУ Институт за социолошки и политичко-правни истражувања при Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ од Скопје (во понатамошниот текст ИСППИ), Сметка на основен буџет – 603, за 2008 година, кои се прикажани на страните 7, 8 и 9.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија, согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. За годините кои `и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија не е извршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Проф. д-р Јорде Јакимовски, директор на ИСППИ.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 6**,** и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 11.11. до 31.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

10.1. **Систем на интерни контроли**

10.1.1. ИСППИ нема обезбедено систем на јавна внатрешна финансиска контрола за проверка на финансиските промени односно трансакции, како и проверка на сметководствената документација и финансиските извештаи, што не е во согласност со Законот за јавна внатрешна финасиска контрола. На тој начин, не е обезбедена организациска структура и процедури кои треба да обезбедат функционирање, следење и развој на ефикасен систем на сигурен финансиски менаџмент, односно не е воспоставено ex ante финансиска контрола (проверка пред извршување на трансакции, потврдена со потпис и нема обезбедено ex post финансиска контрола која треба да провери дали средствата се користени законски и наменски и дали воспоставените процедури обезбедуваат отстранување на откриените неправилности на внатрешните контроли.

10.1.2. Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2008 година, ИСППИ е единка корисник која се финансира преку буџетот на Министерството за образование и наука и од приходи остварени од самофинансирачки активности. Бидејќи ИСППИ нема назначено внатрешен ревизор, во ваков случај, согласно измените на Законот за внатрешна ревизија на јавниот сектор, единицата за внатрешната ревизија при Министерството за образование и наука, е одговорна за извршување на задачите на внатрешна ревизија и кај органите во состав и единките корисници на средства доколку истите немаат основано свои единици за внатрешна ревизија. Министерството за образование и наука нема извршено внатрешна ревизија во досегашното работење кај ИСППИ. Ваквата состојба не му обезбедува на раководителот на субјектот објективно согледување и подобрување на работењето во организацијата базирано на системите на внатрешна контрола.

10.1.3. Со увид во Правилникот за организациона структура и систематизација на работните места на ИСППИ, ревизијата констатира непополнетост на работните места на дел од наставно-научниот и административниот кадар. Од 2004 година до 2008 година институтот го напуштиле 9 доктори на науки и 3 лица од административно –технички кадар (секретар, технички секретар-архивар и библиотекар). За пополнување на упразнетите работни

места, ИСППИ во повеќе наврати во текот на 2007 и 2008 година доставил барања за добивање согласност за нивно пополнување до МОН и МФ како и барање за согласност за привремени вработувања за кои до денес не е добиена согласност. Заради ублажување на оваа состојба, дел од испразнетите работни места ги извршуваат лица ангажирани со договор на дело што не е во согласност со Законот за привремени вработувања и Законот за работни односи.

Недобивањето на согласност за вработување од надлежните институции, ја доведува во прашање извршувањето на основната дејност на институтот, а немање секретар на Институтот создава ризик од преклопување на одговорностите и овластувањата и отсуство на контролни постапки во извршување на активностите и целите на субјектот.

10.1.4. Пресметката за исплата на платите на вработените не се изработува врз основа на присуство и отсуство на вработените според електронската евиденција на полното работно време и прекувремена работа, што не е во согласност со Законот за работни односи. ИСППИ иако има инсталирано систем за електронско евидентирање на полното работно време и прекувремена работа, истиот не се користи што создава ризик за неевидентирање на полното работно време како и на отсуства по разни основи.

Во текот на 2008 година одделни научни соработници вработени во ИСППИ се ангажирани да вршат дополнително наставно – менторски активности во други високообразовни институции (Универзитет Американ Колеџ – Скопје и Правен Факултет - Прилеп) согласно Законот за високо образование и одлуките донесени од Советот на ИСППИ. Меѓутоа, во Статутот и Правилникот за плати не е утврдена одредба за условите под кои што овие вработени може да работат во друга високообразовна институција, а од причини што не се води електронска евиденција за работното време на вработените постои можност за вршење на дополнителни наставно – менторски активности во редовното работно време за кое наставно – научниот кадар прима редовна плата од институтот.

**Препораки**

1. Директорот на ИСППИ во соработка со Министерството за финансии и МОН, да обезбеди вршење на редовна внатрешна ревизија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, од јули 2009 година.
2. Директорот на ИСППИ во согласност со законската регулатива, да преземе конкретни мерки за пополнување на упразнетите и непополнетите работни места предвидени со новиот Правилник за внатрешни односи и работењето на ИСППИ, во состав на УКИМ од мај 2009 година.
3. Одговорните лица во ИСППИ да ги изготвуваат пресметките за исплата на плати и други надоместоци врз основа на електронско евидентирање на работното време, а дополнителното ангажирање на научните соработници за вршење на наставно – менторски активности на други високообразовни установи прецизно да се уредат согласно законските прописи.

### 10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. ИСППИ не постапил во согласност со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници не воспоставувајќи внатрешна сметководствена контрола која ќе обезбеди уверување дека сите

трансакции се извршени во согласност со законските прописи и дека истите се засноваат на соодветна сметководствена документација. Постои недостиг од контроли и разграничувања на должностите и одговорностите од аспект на одобрување, извршување и евидентирање на сметководствените документи.

10.2.2. ИСППИ не води дел од пропишаните деловни книги (евиденции) и помошни книги на соодветен начин, што не е во согласност со Законот за сметкодство за буџетите и буџетските корисници и тоа:

- Воведени се книги на капиталниот имот (рачна и и компјутерска), кои не се усогласени со состојбите искажани во сметководствената евиденција.
- Нема назначено лице за прием на опрема, а домаќинот според описот на работните задачи е задолжен за прием на материјали, ситен инвентар и сл. при што во негово отсуство приемот го вршат различни лица вработени во ИСППИ (благајник, сметководител, технички соработник или лица кои се ангажирани по договор на дело).
- Книга на набавки, пописни листи (за материјали и ситен инвентар), ниту се врши материјално задолжување на лицата кои располагаат со ситниот инвентар и материјалните средства;
- Набавените материјали и ситен инвентар не ги евидентира преку сметките на залихи и материјали и ситен инвентар и сметката останат капитал и не се врши материјално задолжување и соодветна евиденција на истите.

Неводењето, односно несоодветното водење на деловните книги (евиденции) и помошни книги придонесува за нереално и необјективно прикажување на прометот и состојбата искажана во финансиските извештаи на сметката на основниот буџет и сметката на буџет од самофинансирачки активности.

10.2.3. ИСППИ во целост не ги применува одредбите од Законот и Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници при вршењето на попис, што влијае на реалното и објективно прикажување на средствата во Билансот на состојба, поради неизвршено усогласување на фактичката состојба на средствата утврдена со физичкиот попис со состојбите во сметководствената евиденција, а пописните листи не се целосно и точно пополнети со потребните податоци.

**Препораки**

1. Директорот на ИСППИ да воспостави систем на редовна внатрешна сметководствена контрола со што .ќе се обезбеди проверка, потврдување и комплетирање на сметководствените документи пред нивното одобрување, евидентирање и плаќање.
2. Одговорното лице задолжено за водење на сметковдството на ИСППИ, да ги воведе деловните и помошните книги предвидени со Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, да извршат усогласување на состојбите во книгата на капиталниот имот (основни средства) и сметководствента евиденција, да воведат евиденција на залихите на материјалите, резервните делови и ситен инвентар преку соодветните сметки од сметковниот план, со материјално задолжување и раздолжување на истите.

3. Директорот на ИСППИ да преземе мерки за квалитетно извршување на пописот на средствата и изворите на средствата, согласно законските прописи.

10.3. **Неправилности во искажувањето на приходите и расходите**

10.3.1. ИСППИ има склучено четири договори за финансирање на научно – истражувачки проекти со МОН во времетраење од 3 години ( 2006 - 2009 година) согласно кои за секој проект се предвидени по 600 илјади денари. Средствата се преведуваат врз основа на решенија на министерството и за 2008 година изнесуваат по 200 илјади денари поединечно по проект. Со увид во потрошените средства за извршување на активностите предвидени во поединечните решенија, ревизијата го констатира следното:

- МОН нема извршено увид во наменското трошење на средствата доделени со договорите за реализација на годишните програми за одделни години, како што е предвидено со склучените договори;
- Средствата за реализација на годишните програми не се реализираат во согласност со склучените договори и решенија. За 2008 година потрошени се средства за сите четири проекти во вкупен износ од 690 илјади денари, од кои 562 илјади денари се потрошени само за еден од нив. Од извршените испитувања и добиените информации од страна на раководството на ИСППИ, ревизијата утврди дека основна причина за оваа состојба е ненавремено и нецелосно преведување на средства од МОН за покривање на трошоците за сите активности предвидени со проектите, (теренското истражување на секој проект, анкета, интервју, фокусни групи и обработка на анкетниот материјал). Ваквиот начин на реализација на проектите не е во согласност со склучените договори и решенија што има за ефект повеќе потрошени средства по одделни проекти на годишно ниво.

**Препорака**

1. Директорот на ИСППИ во соработка со Министерството за образование и наука да обезбеди наменското трошење на средствата доделени со договорите за реализација на годишните програми за одделни години, како што е предвидено со склучените договори.

10.4. **Ненаменско и незаконско користење на средства**

10.4.1. Неправилна примена на Законот за јавни набавки:

Во врска со примената на ЗЈН ревизијата утврди дека се исплатени средства за набавка на ламинат, по спроведена постапка со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас и склучен договор на 30.12.2008 година во вкупна вредност од 274 илјади денари. Плаќањето е извршено на 25.12.2008 година, пред да се склучи договорот и пред да се заврши работата која по доставената документација целосно е завршена на 06.02.2009 година. На овој начин извршено е 100% авансно плаќање што не е во согласност со Законот за јавни набавки, според кој авансот не може да изнесува повеќе од 20% од вредноста на договорот и пред неговата исплата задолжително треба да се обезбеди банкарска гаранција од носителот на набавката во висина на договорениот аванс.

**Препорака**

1. Одговорното лице задолжено за водење на постапките за јавни набавки на ИСППИ во случај на авансно плаќање, да се придржува кон утврдениот лимит со ЗЈН и да обезбеди гаранција од носителот на набавката.

11. Според наше мислење, финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, според сите значајни аспекти финансиската состојба на ЈНУ Институт за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје - Сметка на основен буџет, под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај ЈНУ Институт за социолошки и политичко правни истражувања - Скопје - Сметка на основен буџет, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

13. Не изразувајќи резерва во нашето мислење обрнуваме внимание на образложенијата кон финансиските извештаи на следното:

    ИСППИ е сопственик на барака со работни простории на ул. Партизански одреди бр. 87а од 629,5 м2, изграден пред 1968 година, кој е влезен во објекти од траен карактер. Објектот е купен во 1967 година согласно Договор бр. 6327/67 од Генералната дирекција за обнова и изградба на Скопје, односно Фонд за нестопански инвестиции на град Скопје. Во 1983 година ИСППИ има доградено уште една барака со квадратура од 309,6 м2 (управна и административна зграда – нова барака).

    Со оглед дека во својата документација ИСППИ не располага со двата договора од 1967 и 1983 година, докажувањето на сопственоста на објектите го реализира преку писмено обраќање до релевантните институции (Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на РМ; Агенција за катастар на недвижности, Сектор за урбанизам и просторно планирање Општина-Карпош; Геодетска Управа Скопје и други). Необезбедената документација може да има влијание на докажување на сопственоста на објектот.

Скопје, 24.02.2010 година

**Овластен државен ревизор**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 0 | 24 |
| Трансфери и донации | 15,624 | 11,577 |
| **Вкупно приходи** | **15,624** | **11,601** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 11,407 | 10,252 |
| Стоки и услуги | 3,949 | 1,182 |
| Каматни плаќања | 0 | 14 |
| Субвенции и трансфери | 102 | 53 |
| **Вкупно тековни расходи** | **15,458** | **11,501** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 166 | 100 |
| **Вкупно капитални расходи** | **166** | **100** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **15,624** | **11,601** |



-----------------------------

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 47 | 0 |
| Побарувања од државата и други институции | 0 | 103 |
| Активни временски разграничувања | 1,239 | 846 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,286** | **949** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 375 | 336 |
| **Вкупно постојани средства** | **375** | **336** |
| **Вкупна актива** | **1,661** | **1,285** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | -55 | -55 |
| Краткорочни финансиски обврски | 47 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,239 | 846 |
| Пасивни временски разграничувања | 0 | 103 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,231** | **894** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 430 | 391 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **430** | **391** |
| **Вкупна пасива** | **1,661** | **1,285** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА

во 000 денари

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **391** | **-** | **391** |
| **Зголемување по основ на:** | **173** | **-** | **173** |
| Набавки | 166 | - | **166** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | 7 | | **7** |
| **Намалување по основ на:** | **134** | **-** | **134** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | 134 | | **134** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **430** | **-** | **430** |



-----------------------------